ОПШТИНА РАДОВИШ

Бул.Александар Македонски бр.7
2420 Радовиш, Р.Македонија
тел. +389 32 617 700
Web page: www.radovis.gov.mk
E-mail: gradonacalnik@radovis.gov.mk
radovis@radovis.gov.mk

бр. 14-54/2
13/01/2016 год.

Врз основа на член 34 од Статутот на општина Радовиш ( Сл.гласник на општина Радовиш бр. 05/02 ), Комисијата за култура, образование и спорт при Советот на општина Радовиш на ден 13.01.2016 год. објавува :

# ЈАВЕН ПОВИК

за предлагање на кандидати за избор на спортист, спортска екипа и тренер за 2015 год.
како и за спортски работник за повеќегодишна работа

1. Комисијата за култура, образование и спорт ги повикува сите спортисти и спортски екипи од општина Радовиш, кои имаат остварено спортски успеси во текот на 2015-та година, да пријават кандидати на Јавниот повик.
2. Поднесената пријава треба да биде потпишана и заверена од страна на овластеното лице на Спортскиот клуб или здружението кои го пријавуваат спортистот, спортската екипа, тренерот и спортскиот работник.

   Во пријавата треба да бидат наведени постигнатите резултати во поединечна или во екипна конкуренција во 2015-та година, а во прилог да бидат приложени докази за истите (копија од диплома, фотографија, извештај од федерација и сл.).
3. Рокот за доставување на пријавите е 10 (десет) дена од денот на објавувањето на Јавниот повик, заклучно со 25.01.2016 год.
4. Пријавите се поднесуваат на адреса :

   ЕЛС општина Радовиш

   Комисија за култура, образование и спорт

   Бул. „ Александар Македонски " бр. 7, 2420 Радовиш

   Или директно во архивата на ЕЛС општина Радовиш

   Со назнака : **За избор на спортист на годината**

Комисија за култура, образование и спорт
Претседател : Данче Тричковски